This project is funded by the European Union



# ПРАВИЛНИК ЗА КОМУНИКАЦИЈА

## ПЛАТФОРМА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЗАЕДНИЦАТА (ПИЗ)

Фондација Албиз Ноември 2021 Скопје

# СОДРЖИНА

I. Општи принципи на комуникација........ 2
II. Алатки за комуникација........ 2
III. Користење на алатките за комуникација........ 3
IV. Начин на донесување на одлуки по електронски пат........ 4

# I. Општи принципи на комуникација

- Секоја членка на платформата ќе ги споделува информациите релевантни за работењето на платформата рамноправно до сите членки. Исклучок е кога се споделуваат работни документи во рамки на телата на платформата во кој случај информацијата се споделува меѓу сите членки на тоа тело;
- Информациите до членките треба да се дистрибуираат навремено за да овозможат соодветна повратна информација од членките. Членките ќе ги почитуваат договорените рокови за повратна информација согласно правилниците за работа на платформата. Доколку членката не одговори, ќе се смета дека одговорот е позитивен;
- Членките на платформата меѓусебно ќе комуницираат со почит кон организациите и лицата кои ги претставуваат;
- Информациите споделени во рамки на платформата нема да се злоупотребуваат за лични и комерцијални цели (*забелешка:* потребно е да се дефинира начинот на користење на информациите за компаниите);
- Мрежата ќе комуницира транспарентно и одговорно кон целокупната јавност и медиумски простор;
- Членките на мрежата се одговорни за квалитетот на содржината и јазикот на информациите коишто ќе се дистрибуираат преку алатките за комуникација;
- Комуникацијата ќе се одвива на македонски и на албански јазик. Секретаријатот на платформата ќе се погрижи за обезбедување на превод таму кадешто е потребно.

# II. Алатки за комуникација

Мрежата ќе ги развива и користи следните алатки за комуникација:

- Листи за дистрибуција на информации (електронска и пишана комуникација);
- Електронска пошта
- Веб платформа/портал
- Страна на Facebook
- Група на Viber
- Skype

Дополнително мрежата ќе комуницира со јавноста и преку пишаните и електронски медиуми.

# III. Користење на алатките за комуникација

**1.** Алатките за комуникација ќе се користат за следните цели:

- Споделување на информации од доменот на работата на платформата;
- Споделување на ресурсни материјали од интерес на членките;
- Координација на активностите на платформата;
- Донесување на одлуки на органите и телата на платформата;
- Реализирање на процедурите на платформата согласно донесените правилници за работа;
- Доставување на предлози за активности и иницијативи на платформата;
- Информирање и промовирање на работата на платформата во јавноста;
- Застапување и лобирање за прашања релевантни за граѓанскиот сектор;
- Други цели релевантни за ефикасно функционирање на платформата.

**2.** Алатките за комуникација на мрежата нема да се користат за:

- Решавање на интерперсонални и организациски конфликти помеѓу две или повеќе членки на платформата што не се директно поврзани со работата на платформата;
- Споделување на информации што не се релевантни за работата на платформата;
- Лобирање за политички партии;
- Промовирање на активности на верски заедници кои не се директни поврзани со утврдените активности на платформата;
- Застапување и реализација на лични интереси кои се спротивни од интересите на платформата;
- Промовирање на интересите на поединечни организации кои се спротивни на интересите на платформата.

# IV. Начин на донесување на одлуки по електронски пат

Во тековното работење на телата и органите на платформата, од практични причини многу често одлуките ќе се носат по електронски пат. Во тој случај постапката се изведува на следниот начин:

- Доколку постои информација или предлог по кој членките на платформата треба да се произнесат, членката која ја има информацијата ја упатува до Секретаријатот на платформата (моментално во Албиз фондација);
- Секретаријатот ја споделува Управниот одбор којшто ја разгледува информацијата и ја проследува со предлог за гласање до сите членки на платформата, по електронски пат на мејлинг листата;
- Пораката со информацијата за гласање мора да содржи краен рок во кој членките треба да се изјаснат и тоа:
    - За гласање за членови во телата и органите – рок од 10 календарски денови
    - За коментари на документи произлезени од мрежата – рок од 3 – 10 дена во зависност од итноста, големината и важноста на документот
    - За избор на претставници на платформата на конференции, обуки, крос-секторски тела и сл – одлуката ја носи Управниот одбор согласно Правилникот за работа и ќе ги извести членките.

- Доколку организацијата-членка не се изјасни во дадениот рок се смета дека одговорот е позитивен т.е. дека документот е одобрен. Во случај на гласање помеѓу повеќе личности (освен во случаите кога се бираат членови на телата за коишто е потребно изјаснување од минимум 50%+1 членка), се смета дека изборот е извршен врз база на мнозинството гласови од членките коишто гласале.